**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Благородна Мингова Крепиева, Благоја Гешоски, Ангел Димитров, Никала Апостоловски, Владо Илиевски, Ана Андова, Весна Борозан, Цветанка Гашоска, Цветле Јанеска, Рафет Муминовиќ, Неждет Мустафа, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдулаќим Адеми, Селвије Салиу, Јусуф Арифи, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски и, нормално, неизбежниот господин Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Колку пратеници се потпишани?

Потпишани се 50 пратеници. Значи не е доволно за да обезбедиме кворум.

Ова стана пракса. Се надевам дека во идниот состав тоа нема да биде пракса.

Давам пауза до 11,30 часот.

(Пауза од 11,03 до 11,33 часот)

Ги молам пратениците да дојдат во салата. Имам информација дека 75 пратеници се потпишани, кои се тука некаде во Собранието.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници, но сигурен сум дека во клубот на пратениците има 4 пратеници и истите ги молам да дојдат во салата.

75 пратеници се потпишани на списокот.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници).

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да почнеме со дневниот ред и со работата, би сакал да ве информирам за една жална вест. Пред неколку денови не напушти еден од поранешните пратеници и затоа ве повикувам со едно минутно молчење да ја искажеме нашата почит кон починатиот поранешен пратеник господинот Митко Анастасовски.

(Присутните во салата стануваат и му оддаваат почит со едноминутно молчење).

Нека му е слава.

Истовремено би ја замолил госпоѓа Силвана Бонева да каже неколку збора.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници,

Пред почетокот на денешната седница сакаме да ја искажеме должната почит и последен поздрав за нашиот колега од првиот состав на Собранието на Република Македонија, господинот Митко Анастасовски.

Неговото благородно срце после подолго боледување престана да чука во саботата на 11 февруари. Во овој тажен миг за сите нас да се потсетиме на животниот пат на господинот Митко Анастасовски, дедо Митко, кој милуваше така сите да го викаме.

Може слободно да се каже дека тој претставува пример како да се сака сопствениот народ, сопствената држава и да се живее со чисто изградена идеја за припадност. Во својот живот помина многу премрежија. Уште како дете е протеран од родното огниште во Егејскиот дел на Македонија. Доаѓа во Вардарскиот дел каде што продолжува со својата борба за независна и суверена Македонија. Заради неговото дејствување за реализација на овој од прадедовци пренесен сон и припадноста на ВМРО е затворан, измачуван, одделен од неговото семејство, но никогаш не потклекнува и не се откажува од таа голема идеја.

Тој работи како учител, кој е запаметен по тоа дека своите ученици ги учи како да бидат чесни, како да си го сакаат семејството и над се како да си ја сакаат сопствената Македонија.

Во почетокот на 90-тите учествува во формирањето на ВМРО-ДПМНЕ и првите парламентарни избори станува пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Тука ја продолжува својата борба и конечно успева да се израдува на реализација на сонот на сите македонски патриоти: суверена и независна Република Македонија. Невестата беше венчана, така кажуваше дедо Митко.

Свежи се сеќавањата на неговите искрени и народни говори кога се носеше Уставот, кога си одеше ЈНА и кога бараше да се вратат македонските војници, кога се гласаше референдумот, кога се гласаше за знамето и химната на Република Македонија. Тие негови искрени народни говори засекогаш ќе останат испишани во историјата на ова Собрание и во историјата на Република Македонија.

Почитувани колеги, се простуваме од господинот Митко Анастасовски со тага во нашите души, но секогаш во нашите срца ќе бидат сеќавањата за него.

Нека почива во мир.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Сто дваесет и петтата седница на Собранието.

Ве известувам дека на седницата се поканете претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на законот за тутун и тутунските производи.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 пратеници гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за тутун и тутунски производи.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 пратеници гласале за, 1 воздржано и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на првата точка - Предлог на закон за тутун и тутунски производи.**

Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандмани на член 50 ставови 1 и 3 и член 51, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојановски поднесоа амандмани на член 22 став 3 и на член 37 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски поднесоа амандмани на член 13 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4; член 13 за додавање нова алинеја 13 по алинеја 12; за додавање нов член 14-а по членот 14; член 23; член 24 став 2; член 25 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 26 став 4 за менување на алинеја 2; член 29 став 3; член 50 став 1; член 50 ставови 2 и 3; член 51; за додавање нов член 51-а по членот 51; член 52 став 1 алинеја 1 и за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1 и на член 52 ставови 4 и 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 43 за менување на став 2; член 53 став 1; член 54 став 1; член 54 за менување на став 4 и на член 57 став 4, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи како предлагач пратеникот Лилјана Ивановска.

Пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиноски поднесоа амандмани на член 13 за менување на алинеја 4 и за додавање нова алинеа 5 по алинеја 4 и за менување на член 23, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски поднесоа амандмани на член 12 за бришење на став 6; член 13 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5; член 25 за додавање два нови ставови 4 и 5 по ставот 3; член 51 и на член 52 став 1 алинеја 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски поднесоа амандман на член 7 став 1, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 1; член 13 за додавање нова алинеја 5-а по алинеја 5; член 27 став 3; член 29 ставови 2 и 3; член 31 став 1; член 42; член 51; член 55 став 1; член 57 став 4; член 58 став 2; член 60 став 1 точки 2 и 5 и на став 2; член 62 став 1 точки 2 и 4; член 63 став 1 точка 7; член 66 став 1 точка 6; член 67 за додавање нова реченица на став 2; член 68 став 1 точка 9; член 69 став 1 за менување на точка 7; член 70 став 2 и на член 72 став 2, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 43 за менување на став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете господине министре.

**Садула Дураку:** Прво сакам да дадам воведно излагање по законот, па потоа ќе видиме.

**Љупчо Јордановски:** Сакаде да зборувате за законот?

**Садула Дураку:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Има амандмани, ќе зборувате за законот кога ќе дојде расправата по текстот. Сега да ги завршиме амандманите.

Господине Караџоски, имате процедурално?

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, оваа седница е закажана како итна седница, согласно Деловникот, членот 64 став 2, што значи дека во онаа редовна процедура не се почитувани оние рокови според кои најмалку десет дена однапред треба да бидат известени пратениците за седница..

Во барањето за свикување на оваа седница од страна на Владата беше предочено дека се предлага да биде свикана итна седница. Вие закажавте итна седница, што значи дека сите рокови се скратени и во однос на она што значи редовна процедура.

Мојата процедурална забелешка е следната:

Почитуван претседателе, станува збор за Предлог на закон. Морам да ве потсетам дека до сега во Собранието на Република Македонија не постоела пракса предлог на закон кој што оди во редовна постапка, значи со Предлог за донесување на закон каде што Собранието усвои заклучок скоро пред една година да се изготви предлог на закон итн, денес ние да го разгледуваме по итна постапка, што значи оневозможено е овој закон, иако е битен и витален и суштински, да се разгледува во една нормална постапка, а станува збор за Предлог на закон, што ќе рече ниту комисиите можеле да го разгледаат како што треба, ниту ние како пратеници, имајќи го во предвид фактот дека овие три дена Собранието не заседаваше, како пратеници не бевме во состојба амандмански да интервенираме и кој се нашол тука поднел амандман, кој не не поднел. Нашата пратеничка група од причините што ги наведов, поради немање време, не достави амандмани.

Сега сме во фаза на изготвување на амандмани. Исто така седницата ја отворивте и почна без да слушнеме образложение поради што Владата предлага овој Закон да биде итен. Што е тоа што го прави итен и што е тоа што мораме итно да го разгледуваме. Јас сум свесен дека не станува збор за дополнување на дневен ред согласно член 66. Меѓутоа сметам дека предлагачот можеше, а и вие може да му дозволите за да ние имаме подобро запознавење што е тоа што го прави итен овој закон и што е тоа што ние мора денеска да го разгледуваме. Значи, доколку не го слушнеме тоа, јас предлагам господине претседателе еден час пауза, односно барам, за во меѓувреме да можеме да поднесеме амандмани кои што се во фаза на изготување затоа што веќе отпочна амандманската расправа. Заради ова е процедуралната забелешка. Ако одеше законот во редовна процедура, немаше да ги имаме овие процедурални проблеми.

**Љупчо Јордановски:** Вие сте господине Караџоски свесни дека процедурално ништо не е погрешено, дури го цитиравте и членот. Па процедурално, бидејќи процедурално е барано, процедурално значи има некоја грешка.

**Жарко Караџоски:** Процедурално, барам пауза.

**Љупчо Јордановски:** Прво, е побарана итна седница, не е по итна постапка. Вие го користите зборот итна постапка.

Второ, јас секоја информација, закон го гледам како точка на дневен ред. Така што овој закон е поминат во сите фази во редовна постапка. Само последниот Предлог на закон е барано итна седница, а не по итна постапка. Бидејќи бев свесен за тоа дека ова е сепак по конечната од читање на овој закон дека треба да се поднесат амандманите, а доказ е за тоа дека ние имаме сега од прилика 51 амандман. Јас не ја закажав итната седница за два дена, туку ја закажав за 4, 5 дена, бидејќи барањето дојде во петок, а сега сме среда. Доказ за тоа дека имало доволно време и вашата пратеничка група да седне и да поднесе амандмани. Но, бидејќи е итна седница исто така по Деловникот вас никој не ве спречува во текот на оваа седница до крај на расправата се поднесуваат амандмани и службите да работат, или некои од вашите пратеници со службите да ги поднесат тие амандмани. И за тоа не гледам дека има потреба од пауза.

Ја прифаќам вашата сугестија по членот 66 не се образложи овде итноста, бидејќи јас ја свикав итната седница, но ја прифаќам вашата молба министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство пред првиот амандман да даде образложение зошто е тоа итно. И тој самиот тоа го побара, Но, јас одев по една процедура Деловник, но еве можеме таа молба, лично да ја образложи.

Јас одговорив, вие немате право на процедурално. Ќе се јавите, но господинот Макрадули е пред вас, тој има исто така процедурално.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, нема ништо спорно во процедурата и во барањето нормално на координаторот на една пратеничка група. Но, јас повеќе би апелирал доколку минатата седница потрошивме два часа да го составиме дневниот ред заради итноста од потребата за разгледување на Информацијата за состојбата со тутунот. За време на оваа пауза јас ги замолувам сите предлагачи доколку им се во интерес проблемите на тутунопроизводителите, да ги повлечат 60-те амандмани, без разлика од која пратеничка група се, бидејќи не мислам дека може да дојде до решавање доколку ние повторно изгубиме десет дена да се убедуваме овде во некои работи. Се надевам оваа пауза ќе ја искористат позитивно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, ова е реплика не е процедурално. Да завршиме тука со било какви процедурални забелешки. Јас да му дадам збор на министерот за земјоделие и после тоа и за стенограмот, а и за оние потреби кои што имаат одредени пратенички групи со амандманите, ќе дадам еден час пауза.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе значи Деловникот, секоја одредба од Деловиникот не е случајно напишана и не е ставено така како што е ставено. Значи, вие свикавте седница по основ на член 64 став 2. Дозволете да ви го прочитам. "Во итни случаи претседателот на Собранието може да свика седница и во пократок рок од десет дена што е дефакто. А дневниот ред може да се предложи на самата седница". Значи дневниот ред не е спорен. Во итни случаи, па ве

молам господине претседателе кои се тие итни случаи? Ако го читате Уставот, ако го читате Деловникот во целина ќе видите што значи итен случај. Итен случај е да чува господ, нешто што е вонредна причина, вонредна околност, птичји грип итн, состојби кои што можат суштински да ја пореметат, или се толку битни да мора да се одлучува на една итна седница. Предлог на закон за тутун кој поминал редовна постапка со Предлог за донесување на закон и чекаме една година да дојде овој закон, да се третира како итен случај, навистина е нешто погрешно. И заради тие причини ние бараме како пратеничка група да ни се објасни што е итноста.

**Љупчо Јордановски:** Добро, господине Караџоски и онака министерот за земјоделие побара збор.

Има збор министерот за земјоделие Садула Дураку. Објаснете го законот, ако можете објаснете ја итноста.

И тука завршуваме со било која процедурална расправа, бидејќи сметам дека Деловникот по ниедна основа не е прекршен, а итноста е субјективна проценка.

**Садула Дураку:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, (се обраќа и на албански јазик).

Собранието на Република Македонија на 99-та седница одржана на 14 јуни 2005 година го разгледа и усвои Предлогот за донесување на Закон за тутун и тутунски производи и заклучи: Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за тутун и тутунски производи. Притоа да ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите во работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија по предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи даде забелешки по поедини членови кои во целост се прифатени и внесени во оваа фаза на изработка на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство даде забелешки по Предлогот за донесување на закон кои во голем дел се прифатени и се внесени во пречистениот текст на Предлогот на законот. Согласно расправата на седницата на Собранието на Република Македонија скоро во ниедна дискусија на пратениците не е изнесено укажување дека, ова е образложение: заради тоа што тутунот е стратешка култура, дека државата треба да го стимулира тутунското производство, дека треба да се воведе ред во откупот на тутунот, дека има потреба за градење на развојна политика за тутунот како трудоинтензивна индустриска култура и друго. Поаѓајќи од горе изнесеното Предлогот на законот за тутунот и тутунски производи има за цел да ја уреди вкупната состојба во тутунското стопанство преку уредување на примарното тутунско производство, финансирање, откупот и обработка на тутунот, прометот на ферментираниот тутун како и производство и прометот на тутнски производи. Истовремено има за цел да се применат членовите 2, 3, 4, 5, 7, 8, 12 и 13 од Директивата број 37 од 2001 година. Во врска со овие одредби изготвена е табела која ви е доставена во прилог. Овој предлог на законот за тутун и тутунски производи се изготвуваше во соработка со претставници од Сојузот на здружението на тутунопроизводители, Тутунски комбинат Прилеп, Институт за тутун во Прилеп, Стопанска комора на Република Македонија, Факултет за земјоделски науки и храна. Предлот на законот за тутун и тутунски производи се состои од 13 глави со вкупно 74 членови.

Првата глава содржи одредби во кои е дадено значењето дадено на одделни изрази и дефиниции. Во втората, третата и четвртата глава се опфатени одредбите кои се однесуваат на примарното производство на тутун, начинот на пријавување и регистрирање на површините, производството и производителите на тутун се определува начинот и условите под кои се склучува договорот за производство и откуп на тутунот и се определуваат елементите на договорот и се дава можност откупот и обработката да го вршат регистрирани правни лица во трговскиот регистар за вршење на дејност откупот и обработка на тутун и запишани во регистарот на откупувачи на тутун што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство под услови определени со закон.

Во Глава 5, производство и промет на големо со тутун и тутунски производи се определени условите под кои може да се врши производство, увозот и извозот на тутунски производи.

Во Глава 6, се определува регистарот на тутунските производители и регистарот на марка на тутунски производи. Во овој дел особено се нагласува дека неможат да се пуштат во промет тутунски производи за кои не е регистрирана марка во регистарот што го води Министерството за економија.

Во Глава 7, следење на употреба на додатоци во тутунските производи се определува кои адитиви можат да се употребуваат дека цигарите не можат да содржат повеќе од определените проценти на катран, никотин и јаглероден моноксид и забраната на пушењето во промет на тутун без соодветно пакување како и текстовите на предупредувањата за штетноста од пушењето.

Во Глава 8, е регулиран прометот на тутунските производи.

Во Глава 9, за финансирање на активности во примарното тутунско производство за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за промоција на извозот се утврдува надоместокот кој нема да

биде на товар за тутунопроизводителите и трговците, туку ќе биде на товар на потрошувачите на тутунските производи. Средства за финансирање ќе се користат со Програма донесена од Владата на Република Македонија. Висината на надоместокот ќе изнесува за една произведена, или увезена цигара што содржи тутун 0,15 денари парче и за една произведена, или увезена пура, или цигарилос што содржи тутун 10 денари парче. Исто така, утврдено е дека обврзниците за плаќање на надоместокот се правни лица кои вршат производство и увоз на тутунски производи.

Во Глава 10, е определена контрола на квалитетот на ферментираниот тутун и на производите од тутун. Надлежност над спроведувањето на одредбите на овој Предлог закон врши Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот пазарен инспекторат и Дирекција за храна преку Инспекторатот за храна.

Во Глава 12, се определени парични казни за прекршок за правните и физичките лица, а покрај паричните казни се предвидуваат и мерки на безбедност, одземање на тутунот, односно забрана на вршење на дејност.

Последната Глава 13, и завршни одредби се определен и роковите за усогласување на работењето на правните и физичките лица за донесувањето на подзаконските прописи, а за утврдениот надоместок, преместувањето и наплатувањето би започнало од 1 мај 2006 година.

Почитувани пратеници, донесувањето на едноставен закон воедно ќе значи и негова поедноставна примена во пракса.

Благодарам.

(Се обраќа и на албански)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски повелете, процедурално.

**Жарко Караџоски:** Значи, дури сега не ми е јасна процедурата овде што се случи. Се отвори расправа по амандмани, па имаме уводно излагање. Ние побаравме да се образложи итноста, а од итност ништо не слушнав, освен образложението кое го имаме во законот и кое го имаме прочитано. Дури како беше кажано, јас да бидам искрен ништо не разбрав. Тоа е една работа.

Втора, работа, до вас почитуван претседателе. Кога министер зборува во Собранието, зборува на македонски јазик, не на албански, без разлика дали поздравува, дали вели добар ден и слично и требаше да го опомените.

И останува она што го кажав и претходно, значи барам пауза од еден час за да се достават амандманите, за да можеме да расправаме по нив.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,14 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа. Иако беше отворена расправата по амандманот, во меѓувреме имаше процедурални забелешки, така што сега повторно отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Ефтим Манев, Ѓорѓи Паљошковски и Илија Србиновски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Амандманот не се прифаќа од следните причини:

Законот за тутун е правен значи, имаат учествувано во неговата изработка Здружението на тутунопроизводителите, Стопанска комора, Институт за тутун Прилеп, Земјоделски факултет, така што сите структури се инволвирани во изработката на законот и морам да кажам дека ние предлагавме 31 март, а тие предлагаат да биде 1 март. Сметаме дека тоа е во интерес на тутунопроизводителите и затоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор праеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Сметам дека даденото образложение не го оправдува рокот кој е ставен во самиот закон, бидејќи во Предлог-законот, во членот 7 стои: "Производителот пред да склучи договор за откуп на тутунот е должен да го пријави производството".

Во самиот Предлог закон е дозволено и е предвидено склучувањето на договорите да бидат до 31 мај, што укажува дека по правило би требало до 30 мај да може да пријави кои се причините производителот пријавувањето да го напрви три месеци порано од денот на склучувањето на договорот. Сметам дека тоа е повеќе административна мерка и штетна за тутунопроизводителите, отколку што тоа го зборува заменикот министер дека е во корист на тутунопроизводителите. По правило би требало цела година да му биде дозволено, кој сака да сади тутун и да си извади таква картица. Што е тоа администрирање, заклучно со февруар месец, што укажува дека јануар и февруар треба да заврши пријавувањето на тутун. И ако некој го попушти тој рок, од било кои причини, дали од лични, дали од причини да отиде неколку пати во Министерството, не го најде таму службеникот и не може да ја пријави желбата негова да произедува тутун и сега тој не ќе може да склучи договор од прости причини што, не знам што ни смета на нас како пратеници да го определиме тој рок, до тогаш ако не пријавиш, понатаму нема. Значи некој не може да работи тутун. За тоа јас предложив 30 април. Законодавно-правната комисија помести нешто до денот на откупот, 31 март. По правило би требало истовремено додека се склучуваат договорите да може да го пријави

производството и да склучи договор. Од тие причини му предлагам на предлагачот, заменик министерот, да размисли, бидејќи воопшто ништо не се пореметува во самиот закон, туку се подобрува, како вработените во Министерството да имаат нешто малку повеќе време за склучување на овие пријавувања, да ги издадат тие картици. Исто така и за самите тутунопроизводители, да можат тоа а го направат до денот на склучувањето на договорот. Инаку, вака има право да склучи договор, но не го пријавил, го пропуштил рокот. Еве на пример, отидеш на автобуска станица, автобусот не тргнал, празен е, но билетарот не ти дава карта и не можеш да се качиш. И тоа исто така му доаѓа. За тоа ги молам пратениците, бидејќи со ништо не се пореметува законот, не е штетен ниту за државата, ниту за производителите, ниту за купувачите. Едино е штетен само тој што сака да произведува тутун да не може да го пријави, да не може да склучи.

Ги молам пратениците да го прифатат амандманот.

**Слободан Најдоски:** Благодарам господинот Манев.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас се јавувам во прилог на поддршка на амандманот.

И покрај сите образложенија што ги кажа господинот Манев, јас би сакал само да додадам уште нешто што мислам дека е битно.

Рокот предвиден во законот до 1 март, да се замени со 30 април, има логичност и во една работа која е често пракса во РМ, а тоа е, ако видите дека секоја година доцни откупот на тутунот, така што наместо да почнува во оној период на почетокот на годината, обично тоа се случува, од икс причини а најчесто поради немање средства за откуп итн., да почнува некаде крајот на февруар, или средината на февруар, како што го имаме оваа година. Сега, тутунопроизводителите не знаат како ќе им заврши реколтата од минатата година, а камо ли да пријавуваат за наредна реколта. За тоа, бидејќи и откупот е големо прашање дали со едно вакво доцнење ќе заврши до 1 март. Еве, земете ја пример само оваа година. Откупот на тутун почна пред една недела. Познато е сценариото, познати се процесите итн. Нема теоретска шанса да заврши до први парт, а камо ли некој да пријави најдоцна, производство за наредната година односно за оваа година, до 1 март. Тоа е пракса која се повторува секоја година. Од тие причини сметам дека е умесен предлогот на колегата Манев. Ништо нема да смени во Законот, ако се прифати овој термин што го нуди подносителот на амандманот и мислам дури е и по практично за тутуно производителите, прво да расчистат со она што го произнеле, а дури после да мислат за наредното производство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Исни Шаќири.

**Исни Шакири:** Јас ценам дека предлогот на амандманот од господинот Манев е на место, имајќи ги предвид неколку околности и нашето горко искуство и обврските што ги имаат фирмите за откуп на тутун и другите прашања кои одат во правец на постапката за да го пријават својот производ за годината, пред државните органи. Овде нема ништо лошо и незнам зошто трошиме енергија. Тоа е со една добра цел и треба така да го сфатиме, како една интервенција која е разбирлива и е на место и придонесува да се создадат услови, производителите на тутун да имаат можност во еден подолг рок да извршат неколку постапки кои се предвидени со закон, за оваа култура која е од големо значење, но и една култура која во себе опфаќа неколку специфики и тие кои се тутунопроизводители треба да му подлегнат на законот. Затоа ценам дека овој амандман треба да го поддржиме и соодетното министерство треба да го прифати овој амандман. За жал се уште не сме во состојба да разбереме некои прашања од тоа што досега сме го доживеале па и понатаму мала е заинтересираноста да ги третираме сите тие семејства кои се занимаваат со оваа земјоделска култура, но и другите семејства кои се ангажирани во земјоделскиот сектор. Како резултат на сета таа немарност и незаинтересираност ја имаме оваа состојба. Имам впечаток доколку продолжиме со овој политички тренд или со овие работи, тешко ќе ја изменимем состојбата што ја имаме во земјоделскиот сектор, а која се поврзува и со нашиот економски развој.

На крајот ќе кажам дека јас ќе го поддржам овој амандман. Тоа го реков и на седницата на ЗПК. Мислам дека тоа треба да биде поддржано од страна на сите пратеници, бидејќи имаме една обврска во однос на тие кои пред неколку дена беа на нашите улици и го искажаа својот протест за немарноста и незаинтересираноста за откупот на тутунот и ниската цена на тутунот и сега имаме еден компромис од страна на Владата кој компромис треба да го поздавиме, но и другите прашања да ни доаѓаат како резултат на интервенциите на самите земјоделци, а потоа во Парламентот да вршиме корекции на законите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Господине Насуфи ве молам на време да се пријавувате за збор, бидејќи кога веќе констатираме дека повеќе нема пријавени за збор, не можам да ви дадам збор. Во меѓувреме променете си ја картичката за да можете после да се јавувате.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам сите пратеници да влезат во салата за да преминема на гласање.

Службите нека го утврдат точниот број на пратеници во салата.

**Слободан Најдовски:** Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, 57 гласале, 16 за амандманот, 1 е воздржан, 40 гласале против.

Коностатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Санде Џамбазовски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водстопанство.

Господине Џамбазовски со оглед на тоа што имаме голем дел амандмани од ЗПК, дали можеме да констатираме и за останатите амандмани од Законодавно-правната комисија дека сите се прифатени или имате неколку што не ги прифаќате.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа амандманот што вие го прочитавте.

По однос на второто прашање, само еден амандман има што не се прифаќа, другите сите се прифатени.

**Слободан Најдовски:** Добро, тогаш ќе мораме да одиме со ред.

Амандманот е прифатен и констатирам дека е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, за бришење на став 6 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски;

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман Владата го прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на алинеја 4 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски;

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Во Законот е прецизирано дека секој производител мора да склучи договор со купувачот, со тоа што во договорот мора да има и цена на тутунот. Со оглед дека тутунот се плаќа за ден, два, па до седум дена, мислам дека ќе биде лоша услуга на тутунопроизводителите ако одредиме 15 дена,бидејќи тогаш купувачите ќе го користат најдолгото време за плаќање од 15 дена.

Затоа, овој амандман не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен..

Има збор пратеникот Паљошкоски Ѓорѓе.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван заменик министер, овој амандман се поднесува заради допрецизирање на одредбите во членот, кои се суштински и значајни за овој закон. Затоа, треба точно да се прецизира и да се каже дека во рокј од 15 дена од денот на откупот на тутунот да бидат исплатени парите на тутунопроизводителите од кои е откупен тутунот. А, вие во вашата дискусија рековте дека од два до седум дена се врши исплата. Тоа не е спорно. Исто така, нека се врши до 15 дена, а најдоцна да биде до 15 дена на тутунопроизводителите да им биде исплатен тутунот.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Господине Насуфи, кога веќе ќе констатираме дека нема повеќе пријавени за збор, претресот е заклучен.
Нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да го утврдат точниот број, со госпоѓа Биковска која што беше присутна за времето на гласање.

Го поништувам гласањето, немаше доволен број на пратеници и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Имаме 61 пратеник.

Претходното гласање е поништено.

Ве повикувам повторно да гласаме по амандманот.

Од присутни 61 пратеник, гласале 59 пратеници, 20 за амандманот, нема воздржани, 39 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Амандманот се однесува за одредување на почетокот и завршувањето на откупот на тутунот.

Во законот завршувањето на откупот на тутунот е точно прецизирано дека треба да заврши до 31 март. Доколку одредиме почеток на откупот на тутунот, тогаш можеме да ја нарушиме организационата работа на самите претпријатија кои откупуваат тутун, што значи во зависност од тоа тие треба да си го планираат времето кога ќе почне за да може најдоцна до 31 март да завршат.

Затоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Сашо Богдановски.

**Сашо Богдановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Амандманот се однесува на прецизирање на одредбите на договорот склучен помеѓу откупувачот и тутунопроизводителот. Поконкретно одредува дека во тој договор мора да се содржи клаузула која ќе дефинира почеток и крај на откупот.

Сигурно е од огромно значење времето кога започнува откупот заради тоа што преработениот тутун во домашни услови не е сеедно колку време се чува во тие домашни услови. Има голема можност од долготрајно чување во домашни услови да настрада во однос на квалитетот. Губењето на квалитетот на тутунот најдиректно се одразува и на просечната откупна цена. За да можеме да ги заштитиме тутунопроизводителите од евентуалните такви загуби, кои сигурно се случуваат, посебно годинава кога откупот во Тутунскиот комбинат Прилеп почна најдоцна некаде кон средината на февруари, овој месец, мислам дека е потребно овој амандман да биде прифатени и оваа клаузула во договорот задолжително да постои. Значи, се работи за клаузула која би била задолжителна во договорот, така што откупувачите ќе имаат време и можност да се приспособат на таквата обврска од овој закон.

Од тие причини е поднесен овој амандман и се надевам дека ќе добие поддршка од колегите пратеници. Патем да спомнам дека оваа потреба ја изразија, исто така, и тутунопроизводителите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине потпретседателе,

Се јавувам за поддршка на овој амандман, а ќе образложам и зошто. Како пратеници сме имале прилика да учествуваме на многу тркалезни маси организирани од разни невладини организации, како што е невладината организација "Мост", каде што имаше средба и во Прилеп со тутунопроизводителите и ние како пратеници.

Повеќе пати сме расправале и ако веќе сме извадиле заклучоци како пратеницви да ги изнесеме ставовите на тутунопроизводителите изразени преку разни здруженија или на овој начин како што тоа беше со една непосредна средба, мора да истакнам дека едно од главните барања на тутнопроизводителите беше токму во Законот и во договорот, каде што сега се утврдува со член 13, да има јасни одредби со кои што ќе се утврди почетокот и траењето односно крајот на откупот. Зошто тоа се бара? Затоа што тоа е можеби најголемиот проблем. Не се знае ниту една година откако постои откупот на тутунот, не се знае точно ни кога почнува, ни кога завршува. Самите тутунопроизводители се сретнуваат со овие проблеми на калирање на производот, не знаат кога да почнат да го пеглаат по бали, за да бидат подготвени. Потоа не знаат кога треба да го однесат и тн. Секоја година рокот и терминот е различен. Исто така, не се знае до кога е тој датум кога почнува откупот и колку може да трае, затоа што не често се случува прекин во зависност од тоа дали некој има пари или некоја политика што ја води откупувачот, дали целото производство ќе биде откупено во одреден рок или ќе го прекинува, па ќе го продолжува и тн. Така, особено последните години се случува откупот на тутунот да трае и во временски услови кога не е за тоа време, да не речам во доцна пролет и да не речам во услови кога се високи температурите, а сето тоа придонесува тутунот да калира на штета на тутунопроизводителите.

Исто така, доколку во законот не стои одредба со која ќе се утврди, односно ќе се задолжи во договорот да стои рок односно почеток и крај на откупот, може кај откупувачите да се даде можност, таква работа кога нема како законска обврска да не го одредуваат, како што нема ни да го одредуваат почетокот, ни крајот на откупот, а со тоа да манипулираат со тутунопроизводителите во насока намерно да доаѓа до калирање и до губење на тежината на самите бали во тутунот. И, тоа оди исклучиво на штета на тутунопроизводителите.

Понатаму, почитуван потпретседателе, кога ќе земам збор за расправа по самиот текст на законот, ќе кажам дека овој закон има многу мани, меѓутоа, ако овој закон се носи со цел да се помогне, пред се, на тутунопроизводителите, мора да се содржи барем некакви основни одредби со кои што тој правец ќе се гледа. Затоа, сметам дека овој амандман треба да биде прифатен, ништо нема да измени во содржината на законот освен што особено откупувачите ќе ги задолжи во договорите да стават почеток и крај на откупот. Секој кој, фала богу, се занимава со откуп и се смета за комбинат, мора да знае политика на своето работење и да знае отприлика

кога може да почне, кога може да заврши откупот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски,

Има збор пратеникот Џевдет Насуфи. Повелете господине Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Ви благодарам господине потпретседател, дами и господа пратеници,

Иако по општата расправа мислев да дискутирам што се однесува до законот, сепак мислам дека Парламентот прави голема грешка и пропуст затоа што одбивањето на амандманите, посебно амандманите на членот 13, фактички ќе озакони една ситуација која не е нормална што се однесува до тутунот, откупот на тутунот, плаќањето на тутунот итн.

Конкретно членот 13, по сите изгледи, амандманот кој се однесува за почетокот на откупот на тутунот се уредуваат прашања кои се всушност објект на надзор помеѓу производителот на тутунот и откупувачот на тутунот.

Сега со овој закон фактички оваа одредба од членот 13 нема никаква тежина затоа што договорот на крајот на краиштата е договор меѓу две страни. Ниту законот ниту Владата, на крајот на краиштата имаме посебни закони особено Облигациониот закон за Уставот кој гарантира дека договорот е волја изразена меѓу двајца партнери.

Во оваа прилика, иако законот како таков има своја сила, амандманот кој не го прифаќаме односно усвојуваме со овој член не се обврзува тој што ќе го откупи тутунот за тоа кога ќе почне со откупот и кога ќе заврши со истиот. Ние ќе ги оштетиме производителите како во цената, на крајот на краиштата ова е необврзувачка норма, значи членот 13 не е обврзувачки не го обврзува откупувачот на тутунот и Комбинатот кога да почне со откупот, колку да го плаќа и кога да плати тутунот. Значи, не се дефинирани или утврдени роковите.

Затоа амандманот, барем што се однесува до тоа кога да се отпочне и кога да се заврши откупот на тутунот, овој амандман има обврзувачки карактер и затоа мислам Парламентот треба да го усвои. Ова ќе ги оштети тутунопроизводителите доколку не се усвои овој амандман. Ова е за чудење. Кого го штити Владата сега? Дали треба да ги штити граѓаните, тутунопроизводителите или треба да штити еден откупувач, еден обичен трговец кој воглавно како и во другите области добива многу повеќе од самиот производител. Затоа е за чудење заменик министерот или Владата односно претставниците на Владата излегуваат и едноставно велат ние го одбиваме амандманот. Доколку сакаат да ги заштитат интересите на тутунопроизводителите посебно на најсиромашниот дел од општеството затоа што знаеме што значи тутунот, тогаш мислам дека ваквите амандмани треба да се усвојат.

Јас би апелирал до пратениците и до позицијата и до опозицијата овој амандман да го усвојат, на крајот на краиштата имаме предлог уште во декември да се утврди почетокот на откупот на тутунот и некаде пред март да се заврши откупот на тутунот, а не како што е сега има случај на крај на февруари да почне откупот. Благодарам господине потпретседател.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Насуфи. Збор бара заменик министерот.

Господине заменик министер дали имате намера повеќе да дискутирате?

Има збор заменик министерот господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе, само да нема забуна, гледам во дискусиите се кажува како нема почеток ама нема ни завршеток на откупот на тутунот.

Во членот 23 од Законот точно е кажано дека откупот на тутунот најдоцна до 31 март мора да заврши. Значи, натамошната организација откупните претпријатија треба да си ја прават како до тој датум најдоцна треба да го завршат откупот. Имаме завршеток, немаме утврдено во законот кога ќе почне, тоа е оставено на откупните претпријатија. До кога треба да заврши во законот е регулирано во членот 23. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Насуфи имате реплика?

Со репликата на господинот Насуфи ќе завршиме доколку има и други пријавени, ќе дадеме пауза.

**Џевдет Насуфи:** Почитувани пратеници, ова е нешто чудно . Владата ги штити откупувачите на тутун, бидејќи до 31 март откупувачот може да почне со 20. март, може да почне на 25 март, тогаш кога тутунот ќе изгуби во тежина, во квлаитет и други работи.

Позначајно е да се утврди отпочнувањето, а понатаму и завршувањето на токупот. Затоа не може овој пристап да се донесе дека со членот 23 го имаме ова решение. Напротив, мислам дека нека де во половината на март треба да биде крајот на откупот, а почетокот да биде некаде во декември. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам .

Тука ја прекинуваме расправата.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Слободан Најдовски**: Продолжуваме со работа.

За дискусија е пријавен пратеникот Ѓорчев Марјан.

Не е тука.

Богдановски Сашо е наредниот, повелете господине Богдановски.

**Сашо Богдановски:** Благодарам господине потпретседател.

Сакав уште еднаш да ја потенцирам потребата од усвојување на овој амандман и вградување во овој Предлог-закон. Овде видовме подршка на таквото решение, во Законот, но сакав да се обратам и до заменикот минситер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имено, образложението заради што се одбива овој амандман не изгледа уверливо. Знам дека не е сеедно да се предаде тутун на 20 декември и 20 февруари. Сигурен сум дека и заменикот министер тоа го знае. Не знам зошто овде ни образложи дека е тоа сеедно. Не можам да разберам зошто овде е претставено дека е тоа сосема сеедно, особено поткрепено со објаснување дека откупувачите ќе имаат пробелми и сакам да го повикам, малку посериозно да се осврнеме на изградување на овој закон за тутун, бидејќи за тутунарите е ова многу интересна тема и сигурно ја следат расправата. И ним им беше ветено во сите разговори што ги водеа со претставниците на Владата, на кои разговори учествуваше и заменикот, па бидејќи со донесувањето на овој закон им се ветуваше дека се решаваат многу проблеми во односот тутунопроизводители-откупувачи и т.н.

И за еден претходен амандман, исто така беше искажана неподготвеност да се прифати, со одговор дека тутунот се плаќа од 2 до 7 денари, што е апсолутно неточно.

Затоа повикувам, со поголема сериозност да се зафатиме за оваа тематика и да донесеме закон што навистина ќе биде решение корисно за тутунопоризводителите, но и за откупувачите и за сите заинтерсирани субјекти од содржината на овој текст.

Повторно повикувам, сепак овој амандман има многу причини да се прифати. Не слушнав издржана причина зошто не би се прифатил.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Богдановски.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине заменик минситер, почитувани други претставници од Владата,

Се јавив во врска со овој амандман кој што гласи дека во членот 13, по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која што гласи-после време траењето на договорот, почеток и к рај на откупот.

Моите лични искуства, во службата на административната управа, во извршната власт и сега како пратеник од изборната единица број 4, при посета на пунктовите, сметам дека е клучна работа за тутунопроизводителите да се дефинира почетокот на откупот. Сите проблеми што произлегувале тука, во Република Македонија и сите аномалии биле најмногу, револтот на тутунарите бил околу почетокот на откупот. Тоа треба да се дефинира. Вообичаено е тоа да биде некаде околу 15 декември и со тоа се постигнуваат неколку аспекти. Ако во договорот тоа стои, се постигнуваат неколку предности и тоа, следниве:

Прво, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Инспекторатот кој што треба да ги провери договорите, точно ќе знае кое претпријатие е подготвено да пристапи кон откуп на тутунот, дека ги има обезбедено потребните услови, магацински, просторни, би рекол и климатски што ќе спречат мувлосување на тутунот и други аномалии во поглед на неговиот квалитет па во таа насока сметам дека реално е вметнувањето на оваа клаузула во договорот каде ќе се дефинира почетокот и крајот на откупот, со што на некој начин ќе ги селектира откупувачите. Ќе ги подготви за еден нов начин на соработка со тутунопроизводителите. Не ад хок, не паушално, оваа година ќе почнеме на 15 јануари, па нема да почнеме, обезбедивме гаранции-ќе почнема на 20 јануари или на 22 јануари или на 13-ти, во зависност од тоа каква цена ќе биде во откупните претпријатија, туку ќе почнат тогаш кога со законот за тутун ќе биде предвидено. Ако е тоа стратешка димензија на добра соработка помеѓу тутунопроизводителите, државата и откупните претпријатија, тогаш тоа треба да биде дефинирано со закон, бидејќи најголемите аномалии тука се правеле. Сало со притисок тие почнувале да откупуваат на 15 декември, а фактички луѓето кои го калапат тутунот, имаат дома сигурно потешки услови да го сочуваат неговиот квалитет и да тој биде, на некој начин, валоризиран ив реднуван од страна на откупните претпријатија, аналогно на неговиот квлаитет.

Најчесто тутунот губи од квалитет во домашни услови. Поприма влага, мувлосува и тука се јавуваат и пробелмите. Така што, мислам дека со оваа, бенигна формулација државата многу добива, пак ќе кажам плански ги селектира тие кои ќе мора да бидат подготвени уште во октомври, со банкарска конструкција, тука има подоцна амандмани и за со гаранции, кои што ќе му дадат за право на тутунопроизводителот да се надева дека државата, која ги следи будно овие процеси околу организацијата на понудата и побарувачката на тутунот, па соодветно ќе реагира доколку некое претпријатие го прекрши почетокот на откупот на тутунот.

А, нема логика, во понатамошниот текст и во стариот Закон, во членот 17 има дека откупот трае до 31 март, па сега тука, ако кажува до кога трае, задолжително во Законот треба да има и содржина од кога почнува откупот. Значи, логично е да почне на 15 декември ид а заврши на 31 март. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Томиќ Зоран.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Се јавувам во својство наизвестител од Законодавно-правната комисија.

Ги молам предлагачите, дали го погледнаа амандманот 2 поднесен од Законодавно-правната комисија и дали со овој амандман поденсен од Комисијата се решаваат сите дилеми?

Доколку го погледаат и видат, јас мислам дека овој амандман би бил одвишен, тоа е мое лично мислење. Најпрактично би било овој амандман да биде повлечен, бидејки идеата на Законодавно-правната комисија беше токму во насока на заштита на производителите на тутун. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Констатирам дека нема повеќе пријавено за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат за да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ако не, за 5 до 10 минути, ако не обезбедиме кворум, тогаш да ја прекинеме седницата.

Само пред некој ден имавме расправа по една Инфорамција и имаше околу 30-тина дискутанти. Од тие дискутанти мал број гледам денеска присутни за да го донесат законот.

(Со седницата продолжи да раководи господинот чупчо Јордановски, претседател на Собраниеот на Република Македонија

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

Благодарам.

Господо, присутнис е 52 пратеници.

Нема да праќам листови сега да се потпишувате, но телевизијата ја молам левата, средната и десната страна, едан мала фотка, да се види кои се присутни тука. 85 се потпишани. По 5 секунди на левата страна, средина и десната страна, ја молам телевизијата тоа да го покаже.

Инаку, да ве известам има околу 70 амандмани. Дали на земјоделците ќе им помогнеме со тоа што ќе поднесеме амандмани па после ќе не снема, не знам. Можеби е тоа начин како да се помогне на земјоделците? !.

Еве, и десната страна е веќе прикажана, па затоа ве информирам дека дополнително ќе бидете известени кога ќе се продолжи оваа седница.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот).